Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на ден од дневни настани 31.10.2023

На 30.10.2023 во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп го лишиле од слобода М.Г.(35) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Прилеп, била пронајдена и одземена грутчеста материја. Лицето било приведено во Полициската станица Прилеп и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.10.2023 во 15.20 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.Д. (42) од Куманово. Тој се сомничи дека на 29.10.2023 насилно влегол во деловен објект на бул. „Октомвриска револуција" во Куманово и одзел повеќе предмети. М.Д. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 30.10.2023 во 14.35 часот на булеварот „АСНОМ" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле Ѓ.Ѓ.(28) од охридското село Велестово. Тој бил баран со потерница врз основа на наредба од Основниот суд во Охрид за издржување затворска казна од шест месеци. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Струга за издржување на казната.

На 30.10.2023 во 13.45 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ѓ.Ѓ.(28) од Крива Паланка, со престој во Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашката материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.10.2023 во 21.20 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода М.Б.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.10.2023 во 22.10 часот во Стопански Двор-клучка обиколница, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Р.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.10.2023 во 22.40 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.М.(26) од скопско затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.10.2023 околу 20.45 часот на улица „Димо Гавровски-Каро" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ј.О.(30), М.Р.(30) и Х.А.(39), тројката од Тетово, затоа што кај нив бил пронајден и одземен кокаин. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 30.10.2023, полициски службеници од криминалистичката полиција на СВР Битола на ул.„Климент Охридски" во Битола го лишиле од слобода М.М.(41) од Битола затоа што кај него била пронајдена и одземена грутчеста материја. Лицето било приведено во Полициската станица Битола и по документирање на настанот ќе следува соодветна пријава.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.10.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 333 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 119 санкции, 24 мерка за возење без возачка дозвола, четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло. Изречени се 18 мерки за користење мобилен телефон при возење, 16 санкции за некорисење сигурносен појас, четири мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила...

На 30.10.2023 во 15.45 часот во СВР Куманово било пријавено дека на магистралниот пат Куманово-Крива Паланка, во атар на с.Сув Орах, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „ауди" со пробни регистарски ознаки, управувано од Ф.С.(20) од с.Петровец, скопско и патничко моторно возило „мазда" со кривопаленски регистарски ознаки, управувано од Н.Ц.(29) од с.Псача, општина Ранковце. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле двајцата возачи и нивните двајца сопатници, А.Д.(18) од с.Петровец и С.Ц.(37) од с.Псача, констатирани во Општа болница Куманово. Увид на местото на несреќата извршила увидна екипа од СВР Куманово.

На 30.10.2023 во 21.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на улица „7 Ноември" во Охрид патничко возило „рено" со охридски регистарски ознаки удрило во паркирана работна машина, по што возачот го оставил возилото и го напуштил местото. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот во возилото, А.Д.(39) од Охрид, констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. По авластување на јавен обвинител, увид на местото на несреќата извршила екипа на СВР Охрид. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.10.2023 во 13.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во градски приватен автобус на бул.„Партизански одреди" во Скопје, додека се превезувала во него како патник, паднала З.Љ.(57) од Скопје. Во несреќата таа се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.10.2023 во 16.40 часот во Полициската станица Драчево, Л.Б.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранко Заревски" бил каснат од куче скитник.

На 30.10.2023 во 11.40 часот во СВР Тетово, 34 - годишниот тетовец В.С. пријавил дека во Тетово неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 30.10.2023 во 16.15 часот во СВР Куманово, Б.И. (43) од Куманово пријавил дека во двор на основно училиште „Толи Зордумис" во Куманово бил каснат од куче скитник.

На 30.10.2023 во 23.00 часот, полициски службеници од ОВР Неготино го лишиле од слобода М.Б.(45) од село Јосифово, валандовско. Околу 22.00 часот на автопатот Гевгелија – Демир Капија, тој со патничко возило „фиат" со гевгелиски регистарски ознаки застанал на лентата за престигнување со што ги донел во опасност останатите учесници во сообраќајот. Тој бил затекнат во неконтактибилна состојба и при укажување во Итна медицинска помош Неготино било констатирано дека има 3.53 промили алкохол во крвта, по што бил лишен од слобода. За настанот бил известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (31.10.2023), во близина на Јавната здравствена установа – Поликлиника Бит Пазар во Скопје, полициски службеници од Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје во содејство со Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи, извршија контрола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности" по чл.225 и кривично дело „бесправно градење" од чл.244-а од КЗ. На лице место се затекнати две лица, кои незаконски наплатувале за паркинг услуги. По документирање на случаите, ќе следат соодветни поднесоци до ОЈО Скопје.

Во текот на вчерашниот ден (30.10.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 322 возачи. Од нив 11 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 195 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 127 надвор од населено место.

Денеска (31.10.2023) во 03.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Фан Ноли" во Скопје настанал пожар во куќа сопственост на Е.А.(43) од Скопје. Притоа, Е.А. (43), Ф.А.(44) и Е.А.(26) вдишиле чад и биле пренесени во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје го изгаснала пожарот, а увид на местото извршила од екипа од СВР Скопје.

На 30.10.2023 околу 13.00 часот во Полициската станица Берово било пријавено дека во с.Русиново, беровско, М.Б.(1996) се здобил со тешки телесни повреди додека сечел дрва во семејниот двор. М.Б. бил пренесен во Клиничка болница Штип, каде му биле констатирани повредите и му била укажана помош.

На 30.10.2023 во 16.00 часот во Полициската станица Центар, малолетник од Скопје пријавил дека на ул.„Стеван Цветковски" бил каснат од куче скитник.

На 30.10.2023 во 14.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.П.(42) од Скопје пријавила дека во населбата Кисела Јабука нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.Т.(33) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 09/10.10.2023 во Влае - Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле амфетамин, кокаин и осум таблети МДМА.

На 30.10.2023 во 12.00 часот во СВР Скопје, 45 - годишна жена пријавила дека околу 00.00 часот во домот во скопско била физички нападната од нејзиниот сопруг Г.П.(49) од Скопје, кој и се заканил и со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Т.(23) и М.Т.(28), двајцата од село Неготино, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење и тргување со оружје и распрскувачки материи" и „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 27.10.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед во патничко возило „бмв", во кое биле пронајдени, при што пронашле и одзеле пиштол, марихуана, ловечка пушка со 33 патрони калибар 12 милиметри, пиштол „Црвена застава" калибар 7,65 милиметри со пет куршуми.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.Б.(38) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 28.06.2023 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „фолксваген голф", кое го управувал пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол „Црвена застава" со калибар 7,65 милиметри и 11 куршуми со истиот калибар.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Е.Р.(21) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". На 25.10.2023 на локален пат село Богородица – село Стојаково, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „ауди а3", кое го управувал пријавениот, при што пронашле пет лица мигранти од Сирија.

На 30.10.2023 во 08.30 часот во СВР Скопје, Х.А.(38) од Скопје, вработена во Ј.П. „Градски паркинг", пријавила дека околу 07.45 часот на паркинг простор на подрачјето на Центар, додека извршувала работни задачи, била физички нападната од С.С.(72) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.10.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза", П.Д. од Скопје, при извршување работни задачи во комплексот се здобила со тешка телесна повреда. Увид бил извршен и бил известен трудов инспектор.

На 30.10.2023 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект на подрачјето на Центар настанал пожар. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 30.10.2023 во 19.00 часот во СВР Скопје, 37 - годишна жена пријавила дека околу 05.40 часот на подрачјето на Шуто Оризари била физички нападната од нејзиниот сопруг Д.И., со кого не живеела заедно. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.10.2023 во 11.00 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Ѓ.(73) од Скопје пријавил дека на бул.„Јане Сандански" бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет